Затоа, кога ќе го молите Аллах – барајте Фирдевс!“

Убаде бин Самит, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Во Џенетот има сто степени, а растојанието меѓу секои два степена е колку растојанието меѓу небото и Земјата. Највисокиот од нив е Фирдевс – од него извираат четирите џенетски реки, а над него се наоѓа Аршот (Божјиот Престол). Затоа, кога ќе го молите Аллах – барајте Фирдевс!“

[رواه الترمذي] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека во Џенетот има сто степени, а растојанието меѓу секои два е колку растојанието меѓу небото и Земјата. Највисокиот меѓу нив е Фирдевс – од него извираат четирите џенетски реки, а над него се наоѓа Аршот. Затоа, кога го молите Аллах – барајте Фирдевс, зашто тој е над сите степени на Џенетот.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65188